**Известување за концентрација со која ПРВА ЦАП д.о.о, Специјален инвестициски фонд, к.д. Љубљана, Република Словенија, АОРТА ХОЛДИНГ, инвестициска дејност. д.о.о. Љубљана, Република Словенија и СМАРТ ДАТА СЕКУРИТИ АДРИАТИК инвестициска дејност д.о.о. Љубљана, Република Словенија ќе стекнат заедничка контрола над АСЦАЛАБ, информациски решенија и развој, д.о.о. Љубљана, Република Словенија**
**(предмет бр. 08-131/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 05.06.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која **ПРВА ЦАП д.о.о, Специјален инвестициски фонд, к.д. (PRVA CAP d.o.o., Specialni investicijski sklad, k.d.)**, со регистрирано седиште на Фајфарјева улица бр. 33, 1000 Љубљана, Република Словенија, **АОРТА ХОЛДИНГ , инвестициска дејност. д.о.о. (Aorta Holding, naložbena dejavnost. d.o.o.)**, со регистрирано седиште на улица Јожета Миртича бр. 9, 1000 Љубљана, Република Словенија и **СМАРТ ДАТА СЕКУРИТИ АДРИАТИК инвестициска дејност д.о.о. (Smart Data Security Adriatic, naložbena dejavnost, d.o.o.)**, со регистрирано седиште на Легатова улица бр. 2Б, 1000 Љубљана, Република Словенија ќе стекнат заедничка контрола над **АСЦАЛАБ, информациски решенија и развој, д.о.о. (ASCALAB, informacijske rešitve in razvoj, d.o.o.)**, со регистрирано седиште на Легатова улица бр. 2Б, 1000 Љубљана, Република Словенија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**ПРВА ЦАП д.о.о, Специјален инвестициски фонд, к.д.** е регистрирана во Трговскиот регистар во Словенија како дејност на инвестициски фондови на монетарните и немонетарните пазари. Фондот првенствено инвестира во мали и средни претпријатија, а во 2025 година извршил инвестиција во словенечкото друштво Кукинокс д.о.о. (Cookinox d.o.o.), кое е вклучено во производство и продажба на кетеринг опрема.

**ПРВА ЦАП д.о.о, Специјален инвестициски фонд, к.д.** е дел од пошироката Прва Групација.

ПРВА ЦАП е управувано од ПРВА ЦАП, управување со инвестиции, д.о.о. (PRVA CAP, upravljanje naložb, d.o.o.), со регистрирано седиште на Фајфарјева улица бр. 33, 1000 Љубљана, Република Словенија, кое врши дејност на управување со алтернативни инвестициски фондови согласно словенечкиот Закон за управувачи со алтернативни инвестициски фондови.

ПРВА ЦАП д.о.о. моментално управува со алтернативен инвестициски фонд за приватен капитал со назив Фонд ПРВА ЦАП (Sklad PRVA CAP), кој е организиран во форма на посебно командитно друштво (слов. komanditna družba – k.d.). ПРВА ЦАП д.о.о. нема други инвестиции ниту зависни друштва. ПРВА ЦАП д.о.о. е регистрирано за вршење на други дејности на финансиски услуги, освен осигурување и пензиско финансирање.

Прва Групација е присутна и остварува приход во Република Северна Македонија преку следните две зависни друштва:

- **КБ Прво пензиско друштво АД Скопје**, со регистрирано седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов Бр. 6, 1000 Скопје, регистрирано под регистарски број 5990815, со регистрирана приоритетна дејност управување со задолжителни и доброволни

пензиски фондови, вклучително и управување со средствата на фондовите, застапување пред трети лица и други дејности поврзани со управувањето со задолжителни и доброволни пензиски фондови; и

- **Прва Живот АД Скопје**, со регистрирано седиште на ул. Митрополит Теодосиј Гологанов Бр. 6/1-2, 1000 Скопје, регистрирано под регистарски број 7687826, со регистрирана приоритетна дејност животно осигурување. Прва Живот е друштво за животно осигурување е друштво за животно осигурување кое нуди производи за ризико животно осигурување и животно осигурување поврзано со инвестиции.

**АОРТА ХОЛДИНГ, инвестициска дејност. д.о.о.** е холдинг друштво кое се занимава со поседување и управување со удели во следните две друштва:

- АСЦАЛАБ информациски решенија и развој, д.о.о. (ASCALAB), и
- иТимЕкстенд, информациски решенија, д.о.о. (iTeamExtend, informacijske rešitve, d.o.o.), со регистрирано седиште на улица Јоже Миртича бр. 9, 1000 Љубљана, Република Словенија.

АОРТА ХОЛДИНГ, инвестициска дејност. д.о.о., вклучувајќи АСЦАЛАБ и иТимЕкстенд, не е присутен во Република Северна Македонија и нема остварено било какви приходи во Република Северна Македонија.

**СМАРТ ДАТА СЕКУРИТИ АДРИАТИК инвестициска дејност д.о.о.** делува во областа на информациската безбедност и други услуги од обласата на информатичката технологија.

Смарт Дата Секурити Адриатик не е присутно и не остварува било каков приход во Република Северна Македонија.

**АСЦАЛАБ, информациски решенија и развој, д.о.о.** е вклучено во обезбедување услуги за компјутерско програмирање, првенствено развој на софтвер по нарачка Б2Б, развој на мобилни апликации и услуги за системска интеграција во различни сектори, како и услуги поврзани со миграција во облак, ДевОпс (DevOps) и УИ/УХ (UI/UX) услуги.

Во 2025 година, АСЦАЛАБ информациски решенија и развој, д.о.о. ги обезбедуваше своите услуги на клиенти во Словенија, Обединетото Кралство, Холандија и Германија.

АСЦАЛАБ информациски решенија и развој, д.о.о. има само една подружница, **Асцалаб Огранок Ниш** (*Ascalab Ogranak Niš)*, со регистрирано седиште на Пролетна бр. 6, Доња Врежина, Пантелеј, Република Србија. Подружницата е во целост зависна од АСЦАЛАБ информациски решенија и развој, д.о.о. и не претставува посебно правно лице.

АСЦАЛАБ информациски решенија и развој, д.о.о. не е присутно и не остварува било каков приход во Република Северна Македонија.

Според подносителите на известувањето релевантен пазар на стоки, на кои се однесува концентрацијата, а имајќи ги во предвид идните активности на светско ниво на Целното друштво би можел да се дефинира како пазар за компјутерско програмирање, додека пак географскиот опсег на релевантниот пазар како национален, односно територијата на Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

21.09.2026 година
Скопје